Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 1005 | - 330/1 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes ______
______ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
______

До:
Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

На ден [redacted] година преку [redacted] до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, поднесов приговор против Решение бр.[redacted] година донесено од министерот за внатрешни работи. Видно од образложението на Решение бр. [redacted] од [redacted] од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е дека Државната комисија ја примила жалбата преку првостепениот орган – Министерство за внатрешни работи и работела по предметот заведен кај Вас на ден [redacted] г. под бр.[redacted] на ден [redacted] година Вие сте се обратиле со допис до првостепениот орган и до [redacted] година не сте добиле одговор. Бидејќи, согласно законскиот рок за постапување согласно чл.8 ст.6 од Законот за основање на Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е два месеца од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок, во конкретниот случај крајниот рок за одлучување е **15.03.2021 година**. До денес [redacted] година јас немам добиено одговор на мојот приговор, се обраќам до Вас доколку мојот предмет Државната комисија го има решено во законски предвидениот рок, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребна ми е фотокопија од Решението одлучено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил [redacted]
- д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted]

Барател на информацијата: [redacted] ул. [redacted], телефон [redacted] e-mail [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

-----------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Барател: [redacted]

Во [redacted]

Датум 15.03. 2021 година

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

22.03. 2021 година

**Архивски број:** 1005 - 330/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-330/1 од 15.03.2021 година поднесено од страна на [redacted] **се одбива како неосновано.**
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

[redacted] на ден 15.03.2021 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-330/1.

Во барањето е наведено дека [redacted] на ден 15.01.2021 година преку Министерството за внатрешни работи до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднел приговор против Решение бр.[redacted] од [redacted] година донесено од министерот за внатрешни работи. Со оглед на тоа што до денот на поднесување на барањето нема добиено одговор по поднесениот приговор, подносителот се обраќа до Државната комисија со барање доколку веќе е постапено по приговорот, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, да се издаде фотокопија од Решението.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го одбие како неосновано од следниве причини:

Како што Ве известивме и во Вашето претходно барање за пристап до информации од јавен карактер со број 1105-304/1, приговорот поднесен од Ваша


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

страна против Решение бр.[redacted] од [redacted] година на министерот за внатрешни работи на ден [redacted] година е доставен до Државната комисија и истиот е заведен под број [redacted]. Државната комисија на ден [redacted] година со допис се има обратено до надлежен првостепен орган и од нивна страна се уште не е доставен одговор и поради тоа Државната комисија се уште нема донесено одлука по приговорот поднесен од страна на [redacted]

Притоа, треба да се има предвид фактот дека се уште тече законскиот рок за постапување, согласно член 8 став 6 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на РМ" бр.51/11, 148/13, 41/2014, 130/14, 53/16, 11/18, 122/18), каде е наведено дека Државната комисија одлучува во рок од два месеца од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова